стрип во лифт македонскиот стрип во движење 2000-2001

the macedonian comics in movement

2000-2001

comics in lift

ШИРЕЊЕ НА МАРГИНИТЕ



Второ, проширено, издание!

**Каталог за изложбата**

# Стрип во ЛИФТ

## Содржина


Стрип во ЛИФТ

Александар Станковски
Игор Тошевски
Синиша Цветковски
Кирчо Арсовски
Горан(д) Дачев
Александар Сотировски
Иванка Апостолова
Атанас Ботев
Мирослав Стојановиќ - Шуки
Миле Ничевски
Тони Пешев
Секуловски и Балева
Љубомир Стефанов
Љупчо Јованов
Златко Крстевски
Псило и Вентолина
Игор Костовски
Марјан Камиловски
Зоран Танев
Михајло Димитровски - Мичо
Смиле Цветановски

12 цртички за 12 Лифтови




**Ширење на маргините**

Catalogue for exibition

# Strip vo LIFT

## SUMMARY


| | |
|---|---|
| Strip in LIFT | 3 |
| Aleksandar Stankovski | 5 |
| Igor Tosevski | 6 |
| Sinisa Cvetkovski | 7 |
| Kirco Arsovski | 8 |
| Goran(d) Dacev | 9 |
| Aleksandar Sotirovski | 10 |
| Ivanka Apostolova | 11 |
| Atanas Botev | 12 |
| Miroslav Stojanovic - Suki | 13 |
| Mile Nicevski | 14 |
| Toni Pesev | 15 |
| Sekulovski & Beleva | 16 |
| Ljubomir Stefanov | 17 |
| Ljupco Jovanov | 18 |
| Zlatko Krstevski | 18 |
| Psilo & Ventolina | 19 |
| Igor Kostovski | 19 |
| Marjan Kamilovski | 20 |
| Zoran Tanev | 20 |
| Mihajlo Dimitrovski-Mico | 21 |
| Smile Cvetanovski | 21 |
| Notes about Lift | 22 |



**Организација на изложбите:**
Никола Гелевски и Игор Ангелков
**Издавач:** Темплум
**Дизајн на каталогот:** Бобан Барбаре
**Компјутерска подготовка:** Кома
**Печат:** Алма

**Organization team:**
Nikola Gelevski, Iskra Gesoska, Igor Angelkov
**Publisher:** Templum
**Design:** Boban Barbare / Koma
**Prepress:** Koma
**Print:** Alma

СТРИП ВО ЛИФТ

# македонскиот стрип во движење 2000/2001

Оваа (прва!?, во историски рамки?!) изложба на македонскиот стрип не е замислена премногу широко и нема намера да ги покрие сите стрип-појави во Македонија, ниту во актуелниов миг, а уште помалку во некаква историска смисла. Но, самиот факт што стрипот кај нас баш и не е развиен, ниту пак има некаков логичен временски развој (поткрепуван со списанија, теориски текстови, публика...), на некој начин ни ја олесни работата, така што дваесетината автори што ги претставуваме фактички - и во широчина и во длабочина, и квалитативно и квантитативно - ја претставуваат целокупната македонска стрип сцена.
Она што ги поврзува повеќето автори на изложбава (не сите!) е фактот дека во изминативе седум години објавуваа во списанието Лифт, замислено, пред сè, како ревија за уметнички и алтернативен стрип.
Со авторите застапени во каталогов не се затвора можноста на понатамошните изложби во другите градови од земјава да бидат застапени и други автори; дотолку, токму ќе се потрудиме да го прошириме кругот на застапени автори, особено од средините каде што изложбата ќе биде поставена.
Првата изложба "Стрип во лифт" беше одржана во Домот на културата во Струмица на 24 ноември 2000-та, а потоа изложбата патуваше во Гевгелија, Прилеп и Битола. Во Музејот за современа уметност во Скопје изложбата се отвора на 4. 04. 2001-та.
Планирано е изложбата да посети уште неколку градови во Македонија, за на есен 2001-та да се врати во Струмица, но во една поинаква форма, можеби како зачеток на некаков годишен салон на македонското, па и регионалното, стрип творештво.
Изложбата е дел од проектот "Ширење на маргините", поддржан од швајцарската фондација "Про-Хелвециа" и од "Институтот Отворено Општество Македонија".

# Comics in The Lift

## The Macedonian comics in movement 2000/2001




This exhibition is not planed as event that will cover neither the Macedonian contemporary comic scene in its wholeness nor its historical aspect. The comic art in Macedonia has not been developed enough and it still hasn't had a logical diachronically evolution (we can't witness a serious support of magazines, theoretical essays, public). In a way, we can say that over a twenty authors, whose work is presented with this exhibition, are representative of whole comic scene in Macedonia.
Most of them are connected with the fact that in last seven years they were publishing theirs comics in Lift, as a magazine for alternative and art comics.

The first opening of the exhibition Comic in the Lift was in the House of Culture in Strumica on November 24th year 2000. After that it continued it's travelling through Gevgelija, Prilep and Bitola. The exhibition is having its opening night in Museum of Contemporary Art in Skopje on 4th of April 2001. The exhibition is going to be shown in several cities in Macedonia and it will. It is important to emphasise that Comics in The Lift is a part of the project Disseminated Margins supported by the Swiss foundation Pro-Helvetia and Open Society Institute Macedonia.

### The first issue

of Lift appeared in January 1995. Until now, we have published 12 issues on over 1200 pages. For domestic authors were reserved 700 pages. From these 700 pages 350 pages were dedicated to a big comic project "Labris" whose authors are Stankovski and Vulkanski. We succeeded in promoting more then 20 authors from Macedonia, mostly debutants.

Lift tries to afirmate the experimental and artistic character of the comic as a medium. We have also dealt with the history of comic, and with some great so called "commercial" authors who have never treated the comic as art but who have left deep traces not only in the medium but also in contemporary pop-culture in general.

# Александар СТАНКОВСКИ

*A. Stankovski* 1959



Сликар со десетици изложби во земјава и надвор од неа. Во поново време се занимава и со филмска режија. Последниве 7-8 години има изработено околу 2000 стрип табли, од кои речиси 1000 припаѓаат на стрип-проектот Лабрис, ко-авторство со Пандалф Вулкански.

Painter with over ten exibitions in and out of Macedonia. In the last 8 years he has produced over 2000 comic boards. One of his bigest project was the comic Labris, with co-author Pandalf Vulkanski, as a kind of labyrinth, which is most representative work in his strip career.

☎ 02/17 14 12



# Игор ТОШЕВСКИ



*I. Tosevski*

1963



Графичар и сликар. Последниве години прави меѓународна кариера како сториборд цртач. Уште од 80-те, еден од промоторите на современиот стрип во Македонија. Многубројни самостојни и групни изложби во земјава и надвор од неа. Објавувал во Македонија (Млад Борец, Мак Стрип, Студентски Збор), во бивша Југославија (YU-стрип, Политикин Забавник, НОН), во Финска (Kulma Metali) и САД (New York Times).



Graduated printmaking in Academy of Fine Arts, Helsinki, Finland 1988.

Published comics and ilustrations in Former Yugoslavia (Mlad borec, Mak Strip, Studentski zbor, YU-strip, Politikin Zabavnik, NON), in Finland (Kulma Metali) and in USA (New York Times).

Works as storyboard artist and Art-director for films.

igortsh@hotmail.com

# Синиша ЦВЕТКОВСКИ
## ШИЉО



1962



Сликар и музичар во бендот ТБ ТРАЧЕРИ. Со стрип се занимава неконзистентно, но со неколкуте стрипови издадени во ЛИФТ (поетика на колаж, брут арт, поп арт и фина графика на буквите), си обезбеди место како еден од најснажните стрип автори во Македонија.

*S. Cvetkovski*

Painter and musician in the cult band TB TRACHERI. He creates comics unconsistently, but with few comic stories published in LIFT (poetry of collage, brut art, pop art and fine beech graphic), he provide his place as one of the strongest authors in Macedonia.

# КирчоАРСОВСКИ

*Kirco Arsovski* 1965

Писател (драми, поезија), музичар(ТБ ТРАЧЕРИ) и цртач, веројатно најавтентичниот андерграунд уметник во Македонија. Стриповите во графичка смисла му се мошне рудиментарни, но, со чувството за нарација, тој отскокнува од другите македонски автори. Има направено десетина стрип приказни (200 табли), и исто толку цртежи.




Writer, musician and draughtsman, probably the most authentic underground artist in Macedonia. His strips, in graphic way, are very rudiment, but with sense for naration. His work is unique in area of Macedonian comic art. Behind him stands more than 10 comic stories (200 tables), and the same number of drawings.

☎ 0901/21-287, Kumanovo



Автор на питорескниот лик по име КОПИЉ, портрет на изгубената (транзициона) млада генерација. Објавувал во ЛИФТ, МАК СТРИП, КЛИК,СТРИПБУРГЕР - Словенија и стрип фанзини во Србија и Литванија.

# ГоранДАЧЕВ-ГОРАНД

## *Goran Dacev - Gorand*

Author of the pitoresque face with name BUSTARD, portrait of lost (transit) young generation. He published in Lift, Mak Strip, Klik, Stripburger - Slovenia and some comic-fanzines in Serbia and Lithuania.

1970



☎ 02/436-835



# Александар СОТИРОВСКИ

1971

*Aleksandar Sotirovski*

Завршил Машинско училиште, но тогаш сфатил дека сé што сака е да црта стрипови. До сега сработил околу 65 ЦД-а, објавувал во многу дневни и периодични списанија кај нас и во светот, и најважното, автор е на 350 стрип табли, меѓу кои и Капетан Нитрат 2, во соработка со Борислав Станојевиќ.




☎ 02/378-707



Graduated on Mechanical school, but than he realised that everything he wants to do is making comic stories. Until now, he has produced about 65 CD's, published in many daily and periodical magazines inside and outside Macedonia, and the most important, he is an author of 350 comic boards like Capetan Nitrat 2, in collaboration with Borislav Stanojevic, etc.

# Иванка АПОСТОЛОВА




Една од ретките девојки што објавува стрипови во Македонија. Прави фини лирски, можеби малку дадаистички, малку пренатрупани цртежи, и со јарки бои исцртува монструми од својот сопствен бестиариум.

1973

## *Ivanka Apostolova*

One of the rare young ladies in Macedonia who publishes comics. She makes nice lirical, maybe litle bit dadaistique and gaudy drawings. Using gently colors, she draws monsters from her own magic world.


☎ 02/435-546
e-mail - ivankaa@yahoo.com




# Атанас БОТЕВ

*Atanas Botev*



☎ 02/771-733

1973

Завршил Ликовна Академија и постдипломски студии - Графика. Со стрип се занимава уште од дете, а во меѓувреме, своите дела ги објавувал во Мак Стрип и Лифт

He graduate on Academy of Fine Arts and post-studies in Graphic Department. His ocupation with comic dating since his childhood, and in a meantime, he has published his own works in Mak Strip and Lift.



# **Мирослав СТОЈАНОВИЌ Шуки**

1963





Дипломирал на ФЛУ, отсек - сликарство. Од позначајните креации, ги издвојува учеството на групните изложби во Чифте Амам и работата на ЦД РОМ-от "Икона на сребро. Според него, тој прави цртежи што го имитираат стрипот.

He has graduated Painting on FLU. His dearest works are the Chifte Amam exibitions and work on CD Rom "Icon on silver". He says that his drawings just imitate the real comic.

☎ 02/132-236

*Miroslav Stojanovic - Suki*

# Миле НИЧЕВСКИ






1972

Дипломирал графика на ФЛУ во Скопје. Како студент, објавува стрипови и цртежи по локалните списанија. Од 1998 живее и работи во Гевгелија како менаџер во Домот на културата. И понатаму се занимава со сликарство и цртеж.

He graduated on Graphic Department on FLU in Skopje. As a student he published comics and drawings in the local newspapers. Since 1998, he has lived and worked as a manager in the Cultural Centre in Gevgelija. Still, his main preocupation is painting and drawing.

*Mile Nicevski*

☎ 034/213-744, Gevgelija

# Тони ПЕШЕВ

☎ 02/434-679



1975

Графичар и илустратор, објавувал стрип табли во ЛИФТ и карикатури во Остен и Нова Македонија. Специјалност му се карикатуралните и сериозните портрети, во кои го доловува и најситниот детаљ. Беше цртач, уредник и сценарист на стрипот К-15.

## *Toni Pesev*

Graphic master and illustrator, he has published comic boards in LIFT and caricatures in Osten and Nova Makedonija. His speciality is caricatural and serious portraits, in which he presents the smallest detail on human face and body. He was draughstman, editor and screenwriter of comic serial K-15.





# Ристе и Јованчо СЕКУЛОВСКИ + Марина БАЛЕВА




*Riste & Jovanco Sekulovski + Marina Beleva*

Овој Охридски стрип тим зад себе има неколку наслови вредни за почит. Сите тројца се на слична возраст, имаат различни животни преокупации, но сите се навлечени на стрип филозофијата. Посилна страна им се приказните и графичкиот дизајн во стриповите: Последниот човек, Црно-бели итн...

This "partnership in comic" comes from Ohrid. They are authors of few extraordinary comic titles. They are on similar age, with different life ocupations, but, with same strong passion about Art of comics. Making stories and graphic design are theirs stronger side: The Last Man, Black-White, etc.


☎ 096/37-630, Ohrid
e-mail - remayo@freemail.org.mk

# ЉубомирСТЕФАНОВ



☎ 02/133-100
e-mail - ljustev@exite.com

1975

Се занимава со проучување на некои видови инсекти (ред Coleoptera). Во последно време пишува книга за пеперутки (ред Lepidoptera), и одгледува деца.

His occupation is exploring some kinds of insects (Coleopterans). Lately he has been writing a book for butterflies (Lepidopteron) and he is dedicated to raising a child.



*Ljubomir Stefanov*

# ЉупчоЈОВАНОВ

Дипломиран архитект, сега е на пост-дипломски студии по театрологија, работи на сценографии за театарски претстави. Објавил стрипови единствено во ЛИФТ, а дел од неговите цртежи ќе бидат објавени и во неговата книга што ќе излезе наскоро.



1974

*Ljupco Jovanov*



He graduate on Faculty of Architecture and he is doing now his postgraduet studies of theatrology. In a meantime, he works on settings for theatar shows. He has published only in LIFT, and part of his drawings will be published in his new book (coming soon).

☎ 02/163-988



Завршил сликарство во Скопје. Од 1986 објавува во Клик, Мак Стрип, Студентски збор, Млад Борец, Стрипбургер - Словенија, Ворм - Белгија, Топаз и Психоделика - Лондон, Арт Лајф - САД и др. Има 17 самостојни изложби, од кои 6 на стрип; една во Нови Сад, а другите во Македонија: Скопје, Куманово...

1969

He graduated painting in Skopje. Since 1986, he has published in Klik, Mak Strip, Studentski zbor, Mlad borec, Stripburger- Slovenia, Worm Belgium, Topaz and Psychodelica - London, Art Life USA, etc. He had 17 independent exibitions. Six of them are comics exibitions: one in Novi Sad, the others in Macedonia: Skopje, Kumanovo...




*Zlatko Krstevski*

☎ 098/30-365, Prilep

# ЗлаткоКРСТЕВСКИ

# Псило и Вентолина

1979
1982



Двете девојки со своите експериментални креации се обидуваат да ја пронајдат сопствената стрип форма. Вентолина студира Општа и Компаративна Книжевност и задолжена е за сценаријата, а Псило, освен стрипови, одлично црта и графити по скопските ѕидови.




*Psilo & Ventolina*


☎ 02/124-445
e-mail - ana_red@usa.net


The two pseudonym-girls with theirs chaotic creations still trying to find their own strip form. Ventolina study Literature and write the stories, and Psilo, except strips, also draw a grafitti on Skopje walls.

# ИгорКостовски



Роден е и живее во Кочани, студент на Електро факултет во Скопје. Со стрип се занимава одамна, има доста цртежи и објавувани стрипови зад себе (Мак Стрип...), но, пред некоја година, поради состојбите во македонскиот стрип, резигнирано ја напушти работата во овој медиум.



*Igor Kostovski*


e-mail - kosigo@freemail.org.mk


Born and live in Kocani, student on Electro faculty in Skopje. He has been creating comics for a long time. He has published many drowings and comic (Mak Strip...). Three years ago, considering the situations in Macedonian strip, he leaved this medium with resignation.



# Марјан Камиловски 1964

Дипломирал графика на ФЛУ. Прв пат на стрип сцената се појавува 1982 година,кога со стрип групата **Туш Лабораторија** настапува на страниците на Млад Борец, Екран, и Котелец. Свои стрипови објавувал во Макстрип и Клик, а хрватското списание Комикон му доделува Гран При за стрипот ПРАШАЊЕ НА ОПСТАНОК.
Негово најпозитивно цртачко искуство е работата за Лондонската издавачка куќа 2000 AD FLEETWAY,кога дефинитивно се одлучува за комерцијалниот стрип.

☎ 02/442-970

Graduated on the Academy of Fine Arts, graphic department. His first appearance on the comic art scene was in 1989 with the Comic art group "Tush". They were publishing their comics on the pages of Mlad Borec, Ekran and Kotelec. Kamilovski was publishing also in Makstrip and Klik. He was awarded with Grand Pries from the Croatian's magazine Comicon for his comic Questions of Survival. His most important work experience was in London's publishing house 2000 AD FLEETWAY, when he decided to dedicate his work to a commercial mainstream comic.



*Marjan Kamilovski*

# Зоран Танев

1970




*Zoran Tanev*



Активно се занимава со стрип десетина година. Автор е на првиот македонски стрип албум, "Мис Стон",објавен 2000-та година.

He has been drawing comics for ten years. Tanev is author of a first Macedonian comic album "Miss. Stone", published in year 2000.

## Михајло Димитровски

# Мичо



Црта од мал, моментално е студент на Графичкиот Факултет во Битола. Објавувани стрипови и илустрации во: Студентски Збор, Пулс, Стрип Арт, THE KULT... Омилен филм: STAR WARS!

themico@hotmail.com

He has been drawing since his childhood. Now he is a student of a graphic design in Bitola. He has been publishing in Studentski zbor, Puls, Strip Art, The Kult. His favorite movie is Star Wars!



1978 *Mihajlo Dimitrovski-Mico*



1967 **Смиле** Цветановски

A Skopje city-boy who has passed all filters of High school of Art and Academy of art. His first appearing was in Croatian's SF magazine Sirius, and than in Alef. He was also publishing in Makstrip and Studentski zbor. In 1997 he was editor in magazine Totem. During the last years he has been working as a designer and illustrator, mostly for advertising placates.

Скопјанец кој ги поминал филтрите на средното уметничко училиште и Академијата. Првите илустрации ги објавува во хрватскиот СФ магазин "Сириус", а потоа и во "Алеф". Објавувал во "Макстрип" и "Студентски збор", а 1997 година беше уредувач на списанието "Тотем".
Последниве години работи како дизајнер и илустратор, претежно на рекламни плакати.



☎ 02/517-864

*Smile Cvetanovski*



# 12 цртички за 12 лифтови

Лифтот поврзува светови, гор(н)и и дол(и)ни. Ги поврзува андерграундот и естаблишментот. Маргиналците и иконите. Лифтот е оној што ја испресекува геолошката, социјалната, која било стратификација. Водич низ деветте кругови. Со прозорчиња. Низ кои гледате сешто: од дождовни глисти до стрингови, од Мики Маус (на Ворхол?) до Наци Коминтерна, цел еден до хаотичност разгранет простор, без централни точки, но со многу јазли и пресеци.



Иако знаеме дека занимавањето со стрип (плус онанија плус дрога плус останување по 23 часот) е кралски пат кон домот за деликвенти, ќе се обидеме да грабнеме по некое душиче, па како биде... **(#1, 95)**



Наспроти кретеноидните наследници на тато, наспроти буржујските деца во мерцедеси, наспроти истите такви социјалистички деца (бели, македонци, богати, сигурни и глупи) по бирократските институции на оваа бедна држава, наспроти сето тоа мртво море - останува креативната страст да се направи нешто поразлично и подобро, остануваат отпорот и бунтот, стратегијата на (одговорна анархија и милитаристичка опуштеност!) создавање гета за неколкумина луѓе, за еден ден да не се срамиме од сопствените траги и да зборуваме за "објективните" околности... **(#2-3, 95)**...



Сепак, еве нѐ, магливи, некакви, исцртани со испрекинати линии (наречете ги: опскурност, сквернавење, црн хумор, чудна иронија, артифициелни пренемагања - но наречете нѐ!, тоа е играта), а останатото (празно, или она што не ви е јасно или ве иритира) доцртајте го сами, ковертирајте го и спуштете го во оние жолти сандачиња кои однатре всушност се бескрајно длабоки лифтови. **(#4-5, 95)**



...Јасно е дека оваа работа (промовирањето на тнр. "уметнички" или "алтернативен" стрип, иако овие одредници се мошне сомнителни) во блиската иднина баш и нема некоја перспектива, но се надеваме дека барем ќе го подготвиме теренот за некои нови млади луѓе кои во позначајна мера ваквиот тип на култура ќе го идентификуваат како свој генерациски знак на препознавање. **(#6-7, 95)**



...Тоа што доцниме е најмал проблем, бидејќи следниот пат на крајот од вашето јаже овој смешен змеј (ЛИФТ! што го поврзува глупово небо долу со гадното мастило горе, индигото што нѐ притиска...) можеби и ќе го нема. Што и не е толку страшно, ние само ги менуваме небата, зоните на присуство, а вие на крајот од врвката секогаш можете да закачите нешто, најпосле самите себе...

Ние ќе се обидеме уште барем малку да бидеме тунел за тој тип на просјајувања, како некаква комора за ловење на најсуптилните елементарни честици, овој бунар, овој лифт, регистратор на зоните... **(#8-9, 95)**

# Notes about Lifts

Lift connects worlds that are up and those that are down. The underground and the establishment are connected by Lift. Marginals and Icons.

There are a creative energy and passion for doing something different and better. What remains is a resistance and rebellion, responsible anarchy and strategy of creating ghettos just for a few people...

We try to change the sky, the space of presence. Your job is to connect something in the end, at least yourselves.
We will try to be a tunnel for that kind of sparkling.














...Најважно е што некои луѓе во оваа кутра држава и понатаму работат стрип, иако не постои ниту списание ниту каков било простор за објавување стрипови. И работат одлично. Така што, има само една порака: колку и да е гадно надвор, обидете се да ги негувате вештините внатре, белки еден ден огромните "термодинамички" разлики ќе станат понормални и ќе овозможат "излез", т.е. некаква покултивирана и покритична јавност од сегашнава. Башка, ова е возило за пичење низ слоеви, засмрдени хиерархии и стратификации, ко дина-црв! **(#1/96)**

Од следната година, се разбира - неизвесности, барем што се однесува до излегувањето на оваа кинетичка скаламерија за пост-уметници и пост-интелектуалци. Еден нео гео био квадАрт што речиси сублиминално пролетува додека трепкате меѓу катовите. Лифт, ко чкрапање на фотоапарат, ко зоетрап-филмче, ко стрип. Лифт и како вселенски брод? Со цел куп чудни креатури внатре, и оставајќи живини траги по ова растопено оловно небо? Ете пар теми за саморефлексија, што речиси е синонимно со креација. **(#2/96)**

Тука сме, жилави мртовци од подземјето што ги здогледувате отворајќи ја вратата на вашиот Лифт (за хај и даун), тука сме дури и кога не нема, само астрално цивкање на стаорци што ги гризат како лифт-каблите така и големото јаже на овој кобајаги усидрен брод на лудаци што транзиција се вика што лифт се вика. **(#1, 97)**

Основни критериуми при изборот на стриповите за Лифт се: графичка и текстуална неконвенционалност; проширување на границите на самиот медиум; релевантност; провокативност; хумор; субверзивност... **(#1/98)**

Се добива впечаток дека со се повеќе тешкотии оваа футуристичка тенекија го совладува простор-времето... Но, сепак се врти и го совладува, наспроти импозантно здебелената, во кантовска смисла, негативна големина - нашиот контекст... Кант замислува човек со десет степени на скржавост којшто со напор од дванаесет степени настојува во себе да ја поттикне љубовта спрема ближниот; еден друг скржавец од три степени, и способен за аналогна намера од седум степени, произведува благородна акција од четири степени; заклучокот на Кант е дека првиот е морално супериорен пред вториот, иако, ако мериме според чинот - два степени наспроти четири - тој несомнено е инфериорен. Но, Кант има големо разбирање за интензитетот на напорот и, можеби пред се, за отпорот на општествените сили што мораат да се совладаат.

Веруваме дека средината е менлива и дека ќе ја промениме, сега, полецка, за некоја година и за некое десетлетие, макар и на начин да оставиме грепкави траги од канџиџки на песочен морски брег... А, зарем сите цртежи, зборови, сета уметност, не се токму едвај издлабени пред ветрот и водата на времето? Се, се разбира. Затоа гребеме (со звук на стаорски канџи по стакло) и го менуваме пејсажот, како ветар, капки-бои, песок-цртки-зборови... **(#11, 99)**

Пандалф Вулкански, уредник на Лифт

**We have to note that there is no perspective in the near future for promotion of an alternative and art comics. However, we hope we are going to prepare the space for young people who will be able to identify this kind of culture as a sign of their generation.**

**The most important thing is that in this country there are people who still are dedicated to comic art, although there is a magazine in which they should show their work.**

**The main criteria for selecting comics are: to be unconventional in graphical and textual sense; to be provocative; to have a sense for humor; to be subversive.**

www.templum.com.mk/lift




www.templum.com.mk

# ЛИФТ

врзувач на светови,
гор(н)и и дол(и)ни


PRO HELVETIA
Arts Council of Switzerland
On behalf of
SDC Swiss Agency for Development and Cooperation

ТЕМПЛУМ

FOUNDATION OPEN SOCIETY INSTITUTE MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ИНСТИТУТ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА